Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0307-26
08.03 2021 год.
СКОПЈЕ

Согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на РСМ бр.123/12;147/13;163/13;156/15;63/16 ) на ден __________ во Скопје е склучен

Друштво за транспорт градежни
и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 0307 - 374
11.03 2021 год
СТУДЕНИЧАНИ

**ДОГОВОР**

за превземање на отпад-секундарни суровини

помеѓу страните :

**1. Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз "ЕКОЦЕНТАР 97" ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:МК4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Купувач***

**2. Друштво за транспорт ,градежништво и трговија ВАТО ДОО Студеничани ,** со седиште на ул.4 бр.19 , Батинци –Скопје, со ЕДБ МК 4030001421949 и ЕМБС 5545757, застапувано од законски застапници , во понатамошниот текст **Поседувач**

***Предмет на договорот***

Член 1

Согласно Законот за управување со отпад предмет на овој Договор е превземање и транспорт на отпад–секундарни суровини - ,отпадни метали кои произлегуваат од тековното работење на ***Продавачот***. Цената на секундарните суровини се одредува во моментот, согласно актуелните берзански цени.

***Права и обврски на договорните страни***

Член 2

***Купувачот*** се обврзува да ги превземе секундарните суровини од член 1 од овој Договор согласно Законот за управување со отпад и другите подзаконски акти како и спречување злоупотреба на истата.

***Купувачот*** поседува важечки дозволи, и тоа: Дозвола за складирање и третман на отпад Дозвола бр.Уп1-11/2-37/2018 од 16.03.2018 год. издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 15.03.2023 година и Дозвола за собирање и транспорт на отпад со Бр.04 заведена под број Уп1-23-1576/2017 од 20.02.2018 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 23.01.2023 год.

***Купувачот*** се обврзува за превземениот отпад на Продавачот да му издаде соодветна документација согласно законските прописи и тоа:

- транспортен формулар,
- заверен товарен лист,
- идентификационен формулар,
- кантарска белешка

***Купувачот*** се обврзува да ги завери соодветните документи и да врати по еден примерок на ***Продавачот*** . Фактурирањето на превземената количина на

секундарните суровини ќе го изврши ***Продавачот*** врз основа на начинот на утврдување на цената опишан во чл.2 од овој договор. Количината ќе биде утврдена по извршеното мерење на отпадниот материјал опишана во чл.1, а истото ќе биде извршено на вага кај ***Купувачот***. Откако целосната документација биде комплетирана од страна на ***Продавачот*** фактурата ке биде платена во законски рок .

***Купувачот*** ќе ги превземе секундарните суровини од седиштето на ***Продавачот*** со присуство на назначен претставник на ***Продавачот***, при тоа Продавачот да обезбеди лесен пристап и паркинг за товарното возило кое е сопственост на Купувачот

***Купувачот*** се обврзува дека превземениот отпад ќе го складира согласно законските прописи и согласно истите ќе постапи по неа.
***Продавачот*** се обврзува да го собере и уредно да го селектира отпадот по тип на отпад на едно место ,се додека не се собере количина .

***Важност и времетраење на договорот***

Член 3

Договорот се склучува на неопределено време, а истиот влегува во сила од датумот на неговото потпишување од двете страни. Со овој договор Продавачот се обврзува да ги предаде секундарните суровини на Купувачот во рок од 6 месеци откако договорот ќе биде склучен. Доколку Продавачот не предаде отпад – секундарни суровини на Купувачот во тој временски период, договорот ќе биде раскинат од страна на Купувачот.

***Важечко право и разрешување на спор***

Член 4

Во случај на спор договорните страни се согласни дека истиот ќе го решат во спразум и спогодбено како резултат на добрата деловна соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Член 5

Договорот се склучува во 2(два) еднообразни примероци од кои по 1(еден ) за секоја договорна страна.

*За Купувач*
Владо Момировски

*ЗаПродавач*